УДК 929Шопов, А.

Стручен труд
Professional paper

# *ЛОКАЛЕН АКТИВИЗАМ, УНИВЕРЗАЛНИ ИДЕИ*

**Марија Емилија Кукубајска**
професор во пензија, УГД, Филолошки факултет, Штип, Р Македонија

**Апстракт:** Истражувањето донесува недоволно познати сведоштва за револуционерни, општествено-културни и хуманитарни активости на Ацо Шопов, од гимназиските до првите партизански средини. Поетот е профилиран меѓу сокласници и соборци, учесници во најраната подготовка за отпор и борба за човекови права и национална слобода, среде непријателската фашистичка, бугарска и албанска, окупација на Македонија. Мапиран е младинскиот идеолошки и книжевен ангажман на Шопов, во контекст на илегални и конспиративни дејствија, заедно со Вита Поп Јорданова, во рамки на организациска, информативна и подоцна партизанска активност во Штип, во партизанските одреди на планините Плачовица и Скопска Црна Гора.

Општествено-културниот и револуционерен ангажманот на Ацо Шопов поконкретно е илустриран преку активностите на неговата најблиска другарка, сокласничка, идеен соборец и инспирација за борбената песна на Кара Дак, Вита Поп Јорданова, и преку сеќавања на нејзината мајка Софија Поп Јорданова Кошевалиска од Штип. Сегменти за оперативната моќ и личната и колективна реализација на Шопов преку неговата антифашистичка активност во Втората светска војна, се наведени во настани поврзани со македонски политички активисти – младина, работници, мајки и борци кои дејствувале во Штип, Скопје и Качаник. Феноменот револуционерност до Втората светска војна е контрастиран со денешната дигитална револуција.

***Клучни зборови:*** *отпор, антифашизам, општествено-политички активизам, поезија*



Штип, 1975, прием за Денот на ооcлободување на градот, 8-ми Ноември. Ацо Шопов и неговата сопруга Светлана во друштво со две генерации штипјани: современици и соборци на Шопов, Фируз Демир Назим, висок политички функционер во сојузни и републички органии на СФРЈ, претседател на Организационо-политичкиот собор на Собранието на СРМ; младите наградувани поети родени во Штип, Ристо Лазаров и Марија Кукубајска и Александар Грличков, претседател на ИС, Собрание на НР Македонија,1961–1965, секретар во ИК на ЦК на СКЈ, претседател на Комисијата за меѓународна соработка на СКЈ.

## Вовед

Во годините од 1943 до 2023, поимот, праксата и продукцијата на идеите за антифашизам, фашизам или социјализам – комунизам, еволуираат, често до непомирливо спротивставени идеологии, и покрај процесите на помирување и извинување меѓу земјите во повоена Европа. Промените во толкување на левичарската *прогресивност* воделе кон тези и антитези на поимот *револуционерност*. Пр.: Прогресивното во развојот на култури и литератури во општествата на Сталин, Мао Цетунг или Кастро, се деградира како регресивно за Западот, а подоцна за дел земји од Истокот.

Неколкуте примери за револуционерната свест и активност на Ацо Шопов меѓу своите сограѓани современици, може да послужат за додатни истражувања на архивски материјали во однос на раното градење на поетовата слободарска и антифашистичка идејност и дејност. Некои комунистички постулати во светот денес еволуирале во антикомунистички (како кај Џорџ Орвел), некои нео-комунисти се трансформирале во нео-фашисти, а некои постколонијални поети како Л. С. Сенгор – во пацифисти свртени и кон современото, Франкофонија, и кон про-националното Црнечкото движење, Négritude.



Пријателот на Ацо Шопов и претседател на 8 Светски конгрес на поети, 1985, Грција, Сенгор и поетот учесник од Македонија, Марија Кукубајска.

Уметничката мисла на револуционерно ангажираниот Шопов, поетот од т.н. „Титово време", и интуитивно и искуствено се издигнува и ослободува од политизирање на поезијата. Продолжува да е актуелен токму поради препознавање на опасноста од партизирање на највисоката идеја, љубовта, кон слободата, убавото, жената. Слободата ја доживува како универзална и лична, идеална и реална. Ја сфаќа како моќен идеал кој дава смисол и на златни сонца од македонскиот Штип и на „црни" сонца од африканскиот Жоал. За Шопов слободата е суштина на љубовта – кон човечноста и правдата, кон татковината, кон мајчиниот, македонскиот, јазик.

**Случај бр. 1**

1941 година. Ацо Шопов се запознава и зближува со своите гимназиски другари, Македонците вратени од Србија во родниот Штип, Викторија и Јордан Поп Јордanovи. Преку *Скоевската младина*, Ацо Шопов и неговата најблиска соработничка Викторија Поп Јорданова, директно се соочуваат со профашистички организации во гимназијата, создавани и наметнувани од бугарските окупаторски власти. Непријателските репресалии на бугарскиот окупатор брутално се нафрлаат врз националната самосвест и политичката свест на средношколската младина во Штип. Пробугарските средношколци собрани во организацијата *Браник*, заедно со бугарски превоспитаниот подмладок од нижата гимназија – *Орле*, се непријателски кланови во организациските тела на *Скоевските групи* во Штип, иако антимакедонските организации *Браник* и *Орле* трпат постојан бојкот.

Штипската *Скоевска организација*, СКОЈ (Сојуз на комунистичката омладина на Југославија) ќе создава и созрева услови за револуционерно идејно воспитување за национално ослободување и народни права. Соработници на Ацо Шопов, покрај Вита Поп Јорданова, се и другарките Васка Донева (прва братучетка на Александар Кукубајски од Ново Село Штип), Мара Минанева, Ленче Арсова, Вера Ацева, Блага Златева, Марионка и Бранка Лазареви, Блага Јорцева, Вера Цири Вири и другарите, браќата Тошо и Љупчо Арсови, 1953 – 1960, *претседател* на Извршен совет на Собранието на Република *Македонија*, Славчо Стојменски, Димче Беловски (претставник на СФРЈ во *ООН* и амбасадор на СФРЈ во Канада и САД), Александар Грличков (претседател на Извршниот совет на Собранието на НР Македонија, 1961 – 1965, секретар на Извршниот комитет на Централниот комитет на СКЈ, претседател на Комисијата за меѓународна соработка на СКЈ, Фируз Демир Назим, секретар за земјоделство на Р Македонија, претседател на Организационо-политичкиот собор на Собранието на СРМ, Евреите Исак и Пепо Сион, Трајко Ставрев, Васил Златев, браќата Михаило и Драган Ивановски и Анѓел Пуздерлиски.

Општествено-политичките и културните активности на тивката, а длабока личност на поетот Шопов, се пројавуваат во раните гимназиски денови во Штип. Зачувани се неговите поетски описи на штипски локалитети и познати маала со нивната традиционална занаетчиска и типична работничка класа. И пред Втората светска војна и окупацијата од страна на Бугарија, ученикот Ацо Шопов го проширува својот опсег на сознанија за класната и идеолошката борба против претходната окупаторска српска власт и потребата таа да се трансформира од експлоататорско буржоаска во народна. По наметнување на бугарската антимакедонска, фашистичка власт во Македонија во текот на Втората светска војна, Шопов се развива во ангажиран млад мислител и поет револуционер кој напоредно ги запишува новите неправди нанесувани на македонскиот народ, по примерот на Кочо Рацин, и учествува директно во борба против бугарската нацистичка и фашистичката политика.

Мирната природа на поетот одлучно се вклучува во активности против антимакедонската пропаганда на Бугарија кон Македонците во Македонија. Ацо Шопов се залага за обновување и отворање на „Читалиштето“ во Штип, основано уште 1872 година. Учествува во организирање и собирање на хуманитарни донации во класична и политичка литература на повеќе јазици, и покрај наметнуваното бугарска политичка пропаганда преку бугарска литература и фалсификувани материјали од фактичката македонската историја и култура. Се прифаќа предлогот на Љупчо Арсов читалната со библиотека во Штип да го носи името на најзаслужниот македонски револуционер „Гоце Делчев“. Делчев е роден во Егејска Македонија, делува

и во Пиринска и Вардарска Македонија, а се бори во Турската Империја – за слободна и независна Македонија со своите етнички, историско географски територии кои подоцна ќе бидат окупирани од Грција и Бугарија спрема агендата на западните сили.

**Случај бр. 2**

За да се оневозможува непријателската бугарска мисија на одродување на македонскиот народ од самиот себе, штипската младина меѓу која делува Ацо Шопов, организирано ја сокрива шовинистичката пропагандна литература испраќана во читалната во Штип, по диктат од Софија. Меѓу членовите на читалната се имињата и на Славчо Стојменски, Ванчо Прке, Фируз Демир Назим, Методи Гогов (подоцна поглавар на Македонската Православна Црква – ОА (1993 – 1999), Тодор Христов, Тодор Гичев, Киро Кукушев и Крум Аџипецов.

Ацо Шопов, заедно со Димче Беловски, Панајот Такев и Вита Поп Јорданова, се посветени и надвор од гимназијата да работат со воспитните групи кои ја опфаќале скоевската средношколка и работничка младина. Се шири отпорот против окупаторот во сите реони. За да се избегне бугарската полиција и агентите од кои вриел градот Штип, Шопов и активистите секојдневно одбираат различни куќи и маала, нови чешми и фурни, нови излетнички места вон од градот: Пчеларникот, Сутлак, Каваклија, Новакова Чешма, Л'џи...

„Во омасовување на скоевската партиска организација и во организирање на акциите, условите постојано се отежнуваа. Убиства, терор, затвори... Заради конспиративноста бевме принудени да спроведуваме организациски задачи користејќи ги формите на семејни поседенки, вечеринки, имендени, приредби, игранки и други свечености. На тие средби вметнувавме однапред приготвени политички дискутанти" – се сеќава Ленче Арсова.

Ацо Шопов соработува со своите сограѓани Бочваров, Ќелкоцев, Арнаутови, Вера Ацева, Пуздерлиски и Еврејките Пава Леви и Матилда Сион, блиски другарки на Викторија Поп Јорданова. Се собираат во оградени чардаци и во мали куќарки. Се читаат Толстој, Иго, Рациновите „Бели мугри" и политички статии отпечатени на гештетнер. Се дискутира за значењето и пресудното влијание на комунистичката и пролетерската литература врз масовното будење на народите и нивните ослободителни движења по светот, се толкува смисолот на напредното во тие забранети материјали, се договара континуирано собирање народна помош за социјално загрозените семејства и жените работнички.

**Случај бр. 3**

Ацо Шопов и Фируз Демир Назим се во групата на СКОЈ за организирање на санитет, лекови, залихи на облека и храна од доброволната помош, печатница гештетнер и оружје. Сето тоа на почетокот се чува во куќата на Фируз, а оттаму, во критичните денови да се пренесува во село Долани. Многу скоевски врски се воспоставуваат во закрилничка куќа на Фируз, познат како другарот Еф. Неговата мајка, омилената тетка Сахибе, ги дочекува за состаноци другарите на Фируз како нејзини синови и ќерки. Тие ја споредуваат со хероината од романот „Мајка" од рускиот револуционерен писател Максим Горки.

Скоевската група што ја сочинуваат Николина Спасова, Милка Пилатова и Васка Донева, поврзана е преку Даница Кожинкова. Кај Даница се наоѓа и едно од повеќето складишта во градот за чување на доброволни прилози од народната помош. Се дискутира какво влијание имаат постигнато, до каде кружеле вреќите со книги разнесувани по домовите на напредната младина, се евидентира од кого е пристигната народна помош во натура: облека, чорапи, блузи, шалови, храна – шеќер, масло, брашно, како и санитетскиот материјал и финансиската помош, и се евидентира редовноста во плаќање на членарина. За оружјето се дискутира под посебна точка. Оружјето се наоѓа распоредено во повеќе други складишта низ градот и околината.

Младинските скоевски активисти пеат и револуционерни и народни песни и популарни класични арии. Штип е градот на првата опера во Македонија, „Паљачи", од италијанскиот композитор Руѓеро Леонкавало. Изведена е на 29 август 1925 година, во Офицерскиот дом, во рамки на Штипскиот театар основан 1870 година. Штип е град на културата каде се спојуваат и револуционерната и музичката традиција, од светски до македонски наследства и современост.

Ацо Шопов на состаноците на СКОЈ, заедно со членовите рецитираат патриотски и социјални стихови, ги опишуваат и запишуваат штипските староградски начини на живеење и традиционалната љубов и сплотеност на македонската фамилија. Штип има изгубено две третини од своето население во двете Балкански војни и во Првата светска војна, но продолжува да ја облагородува и негува својата мудра македонска продуховеност.

Срдечниот пријател на Ацо Шопов, Фируз Демир, меѓу младите штипски Турци во СКОЈ е популарен и како староградски турски раскажувач аматер. На младинските состаноци тој духовито и интересно опишува сцени од пазарни денови во Горно Маало и Стар Конак, со епизоди од чаршиски вреви, селани што купуваат и продаваат изобилства од македонски зеленчук, овошје и жива стока, занаетчиски дуќани, налбатски работилници полни со коњи, мазги и магариња. За младите гимназијалци револуционери тоа се драги

и блиски слики од нивниот роден град и неговото познато иако нелесно живеење. Тоа се живи примери на невообичаен спој меѓу некогашното влијание на Левантизмот врз урбаната и едновремено занаетчиско-трговска и земјоделска средина на Балканот, во Македонија и Штип.

Таа дарба за прикажување што ја поседува Еф се совпаѓа со личната наклонетост и инспирација на Шопов за неговите доживувања на родниот Штип. Уште во гимназиските денови Шопов живописно и мајсторски ги опишува сликите на традиционалниот свет на вековната Македонија кој токму младинците треба да го надградуваат со своите светски идеи за напредок, за индустриски и општествен развој и за национална слобода. На еден од тие состаноци Киро Апостолски чита реферат за Илинден по повод прославата на Илинденското востание. Прославата е прикривана поради бугарските антимакедонски забрани, сурови полициски прогони и блокади против македонските носители на националниот отпор. Бугарската власт ја осудува и негира македонската свест за слобода од туѓата, бугарската власт.

**И Ванчо Прке, кој не го познава Шопов, а имал читано негови патриотски стихови, пишува рецензија за љубовта на Шопов кон македонската херојска, чесна и мачна историја, и кон благородниот македонски народ. Ванчо Прке е член на Месниот комитет, и веќе е гонет од озлогласениот слуга на бугарските власти, Мане Мачков. Затоа Прке преминува во илегалство, во куќата на Фируз – Еф, каде се собирале и Благој Јанков – Мучето, Исак Сион, Вера Ацева, Славчо Стојменски, Васил Доганџиски и Љупчо Арсов (народен херој и подоцна претседател на СР Македонија),** заедно со Ченто, двајцата потписници на историските одлуки на АСНОМ за ослободување и самостојност на Република Македонија.

Другарките на Ацо Шопов, Бранка Лазарева, Блага Златева и Блага Јорцева, се собираат во собата на Вита Поп Јорданова, во т**есната, стара и празна куќичка што ја имаат добиено од Стојна Прркева, мајка му на Ванчо Прке. Таа соба ја користат за состаноци и за** друг вид скоевски задолженија: носат шаторски платна и шијат торби за идните партизани во Одредот на планината Плачковица. Од ученичките ташни сечат и шијат патронажни торби. И на други локации за илегални состаноци, како кај Даница Кожинкова, Ацо Шопов носи образовни материјали. Кај Даница, иако срамежлив, со искрена патриотска расчувствуваност тој им ја исполнува желбата, ја пее „Македонијо, земјо мила".

Во визбата на Ацо Шопов е формирана илегална младинска библиотека. Огромна заслуга за обемната набавка на книги има Димче Беловски. Скоевците и воспитните групи ја продолжуваат виталната соработка со Месниот комитет. Еднаш неделно се одржуваат илегални состаноци за разгледување на организациската и теоретската работа на младината.

**Случај бр. 4.**

Во 1942 година, во штипската гимназија се формира младинскиот весник „Искра". Повеќе скоевски и воспитни групи, многу активи на жени и освестени граѓани се јавуваат преку неговите страници. Уредник на овој месечен весник е Ацо Шопов, а за размножување на весникот се грижи Славко Јовев. „Искра" излегува само во 14 примероци, со по четири до шест страници, но неговата содржина веќе се пренесува по целиот град. Среде бугарската окупација се шири моќниот глас на македонскиот јазик и националната свест за посебноста на македонскиот народ, меѓу останатите народи. Македонската младина знае дека нивниот јазик кој потекнува од старословенски јазик на територијата на Солун. Знае дека на старомакедонски јазик е запишана и првата азбука меѓу словенските народи пред 1000 години, и црковно-световната литература и преводите на македонските просветители Кирил, Методиј и нивните македонски ученици, Климент, Наум, Горазд, Ангеларij.... Иако се членови на СКОЈ, младинците знаат дека македонскиот јазик е јазикот на Манифестот на првата република на Балканот – Крушевската, по првата револуција на југословенските народи – Илинденската.

Весникот „Искра" престанува да излегува кон крајот на 1942 година, но во мај 1943, „Народен глас" се јавува за ново гласило на македонската партиска организација во градот на Ацо Шопов. Се објавуваат новости од фронтови меѓу државите, од фронтови меѓу македонското население и туѓата, бугарската власт, се пишува за работниците и експлоататорите, за напредните сили и надминатите системи на власт, за нацистичките и фашистички режими во Европа и на Балканот. Скриениот гештенер во куќата на Фируз Демир на почетокот го умножува и овој весник кој подоцна се печати во планинските скривалишта на Плачковица.

**Случај бр. 5**

Ацо Шопов е запишан во бројни искажувања на Софија Поп Јорданова дадени на авторот на ова истражување. Во едно од нив стои:

„Таа ноќ, пуста и тешка, ги немаше моите деца Викторија и Јордан. Подоцна дознав дека оној што бил претепан, со рани по телото и со унакажано лице, завиен како була, за народот да не се грози, бил мојот сакан Јоцо. По мачењето и сослушувањето, го одвеле со кола во Скопскиот затвор, заедно со уште цел камион уапсени. Некаде околу два часот по полноќ, портата се крши, пенџериңата тресkaат, врева ... Кога станав, гледам – сардисани сме. Пушки, митралези, шмајзери, штикови... претрес.

„Каде се ќерка ти и син ти, кучко?" – ме прашуваа бугарските војници и полицајци. А иститe тие син ми веќе го имале фатено. Реков дека од вечерта отишле во кино. Веднаш потоа силен удар почувствував по главата. Истовремено претрес се спроведувал и кај Олга. За да не бидат фатени,

првоборците бегајќи испалуваат оган. Еден ѕид се сруши. Тие се префрлуваа во другиот двор. Го видов Славчо Стојменски како трча по кровот, пукајќи. Во таа борба Славчо бил смртно погоден, а Мара Минанева ранета. Од тој прогон на членовите на комитетот, активистите со Ацо Шопов, околу 90 луѓе, биле уапсени и измачувани. Дел од групата што успеале да се извлечат, пребегале и се сокриле во некој подрум полн со тутун, се сеќава Софија.

За Ацо Шопов Софија Поп Јорданова го споделува мачното сеќавање:

„Ден помина, ноќ смрачува, десет минути до десет часот е. Некој портата ја отвори. Ацо, оди чедо, никој да не те види, живи ли сте сите, каде е Викторија?", Софија со нетрпение бара да слушне од најблискиот другар на нејзините деца. Ацо ѝ кажува дека Викторија е на сигурно место. За Јордан ја поштедува со премолчување, иако знае дека е предаден и дека веќе е во затвор во Скопје.

Оттогаш, неколку вечери по ред, пред почетокот на полицискиот час, Ацо Шопов доаѓа под прозорецот на храбрата мајка, да ја собере помошта за другите сокривани другари. Зема храна и бардаци вода, по неколку пара чевли и облека за тогаш веќе студеното и врнежливо време. Секоја вечер, од глад до полуглад, од испраќање до дочекување, другарите остануваат во тешка неизвесност при секое одење на Ацо. Но, и Ацо бива уапсен една вечер.

Софија стои на прозорецот, очекувајќи го, завиена во грижи и тревоги. Надвор околу куќата, притегнатиот обрач од полиција уште да пукне. Дали Ацо веќе дошол порано од бугарската полиција или таа се раздвижила порано од него? Во еден миг, неговата силуета се ближи кон прозорецот. Софија му дава знак да се изгуби, знаејќи дека е предаден. Но, сега тој не доаѓа да земе помош, туку да ја даде пораката за идната врска со другите илегалци. Знаејќи за предавството, Ацо совесно ризикува. Стигнува до прозорецот, и овој пат ѝ остава на драгата „ќева" Софија писмо за врската со останатите групи, пред да бега пред полициската потера.

**Случај бр. 6**

За излегување на Штипската група во партизани, 16 септември 1943 година, од Штип преку Скопје кон Шара, определни се групи од по двајца. Меѓу останатите требало да заминат и Ацо Шопов, Димче Беловски, Исак Сион, Вита Поп Јорданова, Васил Златев, Трајко Ставрев, Михајло Ивановски, Бранка Лазарева, Олга Арсова и Стојан Бочварски.

Стигнува и очекуваната задача од Главниот штаб на Македонија, од Светозар Вукмановиќ – Темпо. Командантот на одредот го добива задолжението со партизаните да се префрли и сојузничката мисија составена од 4 англиски офицери. Линијата е Пешкопеа – планината Козјак. Борците се вооружуваат и обезбедуваат облека и храна во конзерви. Добиени се и три

коњи за јавање, шест мазги за носење храна и останати потреби. Англиската мисија е опремена и со радиостаница, што е од вонредно значење за одредот.

По генералните политички подготовки, групата од одредот е спремна за своите терени. Се спојува со други 23 партизани, македонски и косоварски. Меѓу нив се и Ацо Шопов, Димче Беловски, Али Шукрија, Боро Чушкар, Исак Сион, Трајко Ставрев, Владо Тасевски, Стојан Бочваров, Ванѓел Мојсовски, Гога Смилевски, Миле Лукиќ и единствената девојка борец, Викторија Поп Јорданова – Вита.

Сѐ до преминувањето од албанската територија, преку Кораб, југословенските партизани имаат зајакнување од албанските партизани. По совладувањето на албанскиот терен, одредот продложил со сопствени снаги. Тој пат од Албанија до Шара и оттаму преку Кара Даг до Куманово и Врање, минува низ уште една борба: сурова, долга и смрзната зимска природа.

Низ такви терени, и англиската мисија безуспешно се обидува да добие дополнителна храна од авион. Имаат само уште шест килограми конзервирана пченка за оброците. Патот до Албанија, борбите и пеколното враќање назад, е пат на одредот до граници на физичките снаги, иако партизаните се крепени од силна волја.

На враќање од Албанија, Викторија Поп Јорданова е убиена од албанските фашисти, Балисти, контрареволуционерни формации на Скопска Црна Гора.

Ацо Шопов, пред убиството на Викторија, крева здравица со песната „На Кара Даг", напишана за херојството на единствената жена борец меѓу нив, за нејзината моќ да влијае на одлучноста на партизаните во народната борба, за нејзината љубов кон татковината Македонија и за победите во иднината.

**На Кара Даг**

Очи ти, сакам, молња да режат,
кипнати гради оган да горат,
врели ти усни жар да се сторат,
под твоите раце,
под твојата сила,
врагој да мрзнат и да се ежат,
другарко моја, другарко мила !
Не за љубовни песни ти пеам,
не за вечери неспани тлеам,
оваа песна за бунт ти збори,
во неа крвта моја гори,
таму –
кај пламен народен пламти,
и пушки грмат

и долој ечат,
таму –
кај борци за зори јасни,
за живот
во смрт без жалба минат,
другарко, таму љубовта расне !
Сред тие бури,
в планини сури;
другарко моја, другарко мила,
прва да идеш,
прва да бидеш,
а ако куршум младост ти зграби
немој да тажиш,
немој да жалиш, -
огнени очи пак ќе ти светат;
илјада срца со жар ќе палиш,
илјади борци в борба ќе кренат.
Очи, ти сакам, молња да режат,
кипнати гради оган да горат,
врели ти усни жар да се сторат,
под твоите раце,
под твојата сила
врагој да мрзнат

**Користена литература:**

Сеќавањата документирани во овие истражувања се дел од ракописот за животот на Викторија (Вита) Поп Јорданова (7 февруари 1924 – 6 ноември 1943), подготвуван за детско-младинскиот документарен роман ВИТА. Ги собирав и уредував од мојата 14 до 19 година и ги завршив 1969 годиа. Ги имаат читано во целост или делови, и ги одобрија за печатење: академиците Ацо Шопов и проф. д-р Јордан Поп Јорданов, генерал Коста Наѓ, министерот за култура на Република Македонија, Томе Момировски, Перо Коробар, прв Јавен обвинител на Република Македонија, проф. д-р Владо Ивановски, директор на ИНИ, проф. д-р Васка Донева, директор на Детска клиника, УКИМ, Мијалче Иванов, претседател на Сојузот на борците од Штип и Штипско, Марија Пикова, претседател на жените на Штип, и тројцата рецензенти: акад. Михаило Апостолски, генерал, Борис Вишински, писател и уредник на „Културен живот" и „Macedonian Review", Трајко Донев, директор на Историскиот архив на град Штип.

**LOCAL ACTIVISM, UNIVERSAL AIMS**
**Marija Emilija Kukubajska**

This paper brings insufficiently known testimonies about the revolutionary, social-cultural and humanitarian activities of Aco Šopov, from high school to the first partisan environments. The poet is profiled among classmates and comrades, participants in the earliest preparation for resistance and struggle for human rights and national freedom, amid the hostile fascist, Bulgarian and Albanian occupation of Macedonia. The youth ideological and literary engagement of Šopov is mapped in the context of illegal and conspiratorial actions, together with Vita Pop Jordanova, within the framework of organizational, informative and later partisan activity in Štip, in the partisan detachments of the mountains of Plachkovica and Skopska Crna Gora. The socio-cultural and revolutionary engagement of Aco Šopov is more concretely illustrated through the activities of his closest friend, classmate, comrade-in-arms and inspiration for Kara Dak's battle song, Vita Pop Yordanova, and through memories of her mother Sofia Pop Yordanova KoŠevaliska from Štip. Segments about the operational power and personal and collective realization of Šopov through his anti-fascist activity in the Second World War are listed in the events related to the Macedonian political activists - youth, workers, mothers and fighters who acted in Štip, Skopje and Kacanik. The revolutionary phenomenon until the Second World War is contrasted with today's digital revolution.

**Key words**: *resistance, anti-fascism, socio-cultural activism, poetry*